РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-4031/1
20-04-2022 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 65-тата седница одржана на 15.04.2022 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Пријавата заведена под број 12-4026/1 од 25.11.2020 година, против директор на ЈПКД ---------------------------------------------------, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси нема елементи за надлежно постапување.

Предметот со број 12-4026/1 од 25.11.2020 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Од страна на непознат подносител, на ден 25.11.2020 година, поднесена е пријава против директор на ЈПКД -------------------------------------------------------- и оформен е предмет број 12-4026/1 од 25.11.2020 година.

Во пријавата се укажува на сомневање дека посоченото лице врши злоупотреба на службената положба и овластување преку многубројни активности, од кои дел се за: распоредување - унапредување на вработени без интерен оглас; исплаќање фиктивни дневници за службени патувања; исплаќање на фиктивни налози за прекувремена работа; употреба на службени возила без овластување и за сопствени цели; собирање комунален отпад без дозвола од Министерството за животна средина и просторно планирање; склучување на фиктивни договори за дело; злоупотреба на службени телефони; незаконско приклучување на корисници за водовод итн.

По разгледувањето на предметните наводи, ДКСК констатира дека пријавата содржи набројани наводи со недоволно јасни аргументи и податоци за да се прецизираат сомневањата за злоупотреби, по што оцени дека нема елементи за надлежно постапување,

а пријавата ќе ја достави на надлежно постапување на Одделение за внатрешна ревизија при Општина --------------------.

Врз основа на наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Изготвил: Б.К.Ш.
Одобрил: м-р В.Г., Член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик Претседател**
**Нури Бајрами**

Република Северна Македонија ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА Скопје
Shkup KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIM TË KORRUPSIONIT Republika e Maqedonisë së Veriut